РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

дел. бр. 02-1285/1
дата 30.10.2012

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Наставно научниот совет на факултетот на својата 25-та редовна седница одржана на 25.10.2012година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

за утврдување листа на информации од јавен карактер

1. Се утврдува листа на информации од јавен карактер за кој Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје е имател на информации:

| | |
|---|---|
| • Акти (општи) | Достапни во Универзитетски гласник на УКИМ и веб страната на УКИМ |
| • Соопштенија до јавноста за тековни активности | Достапни на веб страната на Факултетот и огласната табла на Факултетот |
| • Годишни извештаи | Достапни во: публикација |

- Настава
  - Извештаи за студенти по разни основи запишани на додипломски студии-прв циклус студии, на постдипломски студии- втор циклус на студии и докторски студии- трет циклус на студии (Достапни во: Извештаите на Државниот завод за статистика и УКИМ);
  - Студиските и предметните програми за прв и втор циклус (достапни на веб страната на Факултетот, посебни публикации и Извештаи на Универзитетот);
  - Распоред на предавања, резултати од испити и др. (достапни на веб страната на факултетот и огласните табли на факултетот);

- Регистар на вработени со наставно научно звање, наставно стручно звање и соработници (достапни во стручната служба на Факултетот, извештаите на УКИМ, Министерството за образование и наука и државниот завод за статистика);

- Меѓународна соработка
  - Договори за меѓународна соработка (достапни во Архивата на Факултетот и Универзитетскиот весник н а УКИМ);
- Издавачка дејност
  - Изданија на Факултетот (достапни во библиотеката на Факултетот)
- Финансиско и материјално работење
  - Годишен извештај за финансиско и материјално работење (достапни во : Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и до Министерството за образование и наука)

2. Заштитени од правото за слободен пристап до информации од се сите лични податоци, во согласност со Законот за заштита на лични податоци (од персоналното досие на вработените, досието на студентот, податоците од тековните финансиски активности по сите основи, како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер)
3. Деканот или овластено лице од деканот определува простории за увид во информациите на Факултетот.
4. Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страната на Факултетот.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Доставно до :
-Секретар
-Архива
- Служба за општи кадрови прашања
- Служба за сметководство
-Служба за Студентски прашања

Декан

Проф. д-р Димитар Трајанов